Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 32-та седница одржана на 22.05.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-747/1 од 12.02.2026 година, оформен по доставена пријава против Пресуда КЖ --- од 19.11.2025 година, донесена од --- суд ---, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-747/1 од 12.02.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 12.02.2026 година, поднесена е пријава против против Пресуда КЖ --- од 19.11.2025 година, донесена од --- суд --- и оформен е предмет бр. 12-747/1 од 12.02.2026 година.
Подносителот укажува дека се работи за предмет во врска со незаконска дивоградба, а која се води како кривичен предмет во Основен суд ---, а ја води јавен обвинител по службена должност од ОЈО ---. Донесени се две пресуди:
Пресуда по предмет К.бр. --- од 03.11.2022 година (прва пресуда) со која лицето --- се прогласува за виновен со условна осуда согласно член 244-а ст.6 од КЗ, а изградените недвижности по правосилноста на пресудата се одземаат.

Пресудата К.бр. --- од 05.09.2024 година, е втора донесена пресуда со која лицето --- по втор пат се прогласува за виновен со условна осуда согласно член 244-а ст.6 од КЗ, а изградените недвижности по правосилноста на пресудата се одземаат.
Според подносителот, лицето --- кој ја гради оваа дивоградба се обидел на Основен суд --- да му го подметне незаконски обезбеденото Решение за утврден правен статус на бесправен објект УП1 БР. --- ОД 01.12.2023 година. Постоеле индиции дека е обезбедено со поткуп и со кординација на судијата --- и службените лица од општина ---, односно градоначалникот --- и службените лица --- и --- кој ги издале овие невалидни документи за парична надокнада за време кога имало судски спор кој го води ОЈО --- и донел пресуда бр. --- од 03.11.2022 година.
Подносителот во пријавата искажува реакција од ослободителна Пресуда КЖ --- донесена од Апелациониот суд --- на ден 19.11.2025 година, да го ослободи од обвинение сторителот на кривичното дело, како и намерно да го оштети Буџетот на Република Северна Македонија за точно 315,987,00 денари за да го спаси сторителот на кривичното дело по Пресуда К.бр. --- од 05.09.2024 година.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК се обрати до Општина --- (понатаму: Општина), со цел обезбедување на документација во врска со пријавениот случај.

Во законски утврдениот рок, од страна на општината беше доставена на увид бараната документација.

Според член 6 став 2 точка 2 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015, 31/2016 и 190/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/2021 и 41/2026), барателот е должен со барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти од значење за Републиката, објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита и објекти од локално значење освен електронски комуникациски мрежи и средства и линиски инфраструктурни објекти да достави: доказ за приклучок на комунална инфраструктура и/или сметки за јавни услуги (струја, вода итн.), а доколку бесправниот објект нема инфраструктурни приклучоци, изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека бесправниот објект е изграден пред влегувањето во сила на овој закон.

Во врска со наводите во однос на Решението за утврдување на правен статус на бесправен УП1 бр. --- од 01.12.2023 година, ДКСК констатира дека видно од Записник за извршен увид на лице место УП1 бр. --- од 10.09.2021 година, бесправниот помошен објект на лицето --- се наоѓал на КП бр. --- КО ---, претставувал градежна функционална целина составена од приземје, и истиот имал инфраструктурни приклучоци (вода, струја и канализација), а пристапот до објектот бил по асфалтиран пат.

Согласно пропишаното во член 40 став 1 точка 14 од Законот за судскиот совет („Службен весник на РСМ", 269/2025), Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

Во врска со наводите со кој се оспорува законитоста на Пресуда КЖ --- донесена од Апелациониот суд --- на ден 19.11.2025 година, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува поради што предметната пријава заедно со прилозите ќе се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор

Доставено до:
- подносителот на пријавата